**В О В Е Д**

Основата од оваа книга ја напиша чичко Илија Јастревски, од Риека, Хрватска и ми ја испрати преку пошта во август 2021 година на негови 96 години. Книгата ми ја испрати Душанка Јастревска, неговата снаа од синот Љупчо, а кон пратката со книгата ми испрати и писмо напишано лично од чичко Илија.

Со чичко Илија Јастревски сме роднини во фамилијата и род Лалошои од Лешок, а многу блиски врски имаа татко ми Живко Спироски со аџо Иљо Јастревски, бидејќи беа иста Генерација. Јас, сум горд и многу среќен што и татко ми Живко и аџо Иљо напишаа книги за нашиот свештенички род Лалошои и за фамилиите Спироски и Јастревски, бидејќи двајцата многу се почитуваа и ми беа најдобрата врска со претците и од нив научив многу за нашиот род Лалошои. Татко ми Живко и чичко Илија многу го сакаа родниот Лешок и нашата Македонија и секако и нивното потекло од свештеничкиот (поповски) род Лалошои од Лешок.

Инаку оваа книга е дополнување кон досега објавените текстови и книги кои се однесуваат за Лешок, родот Лалошои и новите две фамилии Спирооj (Спироски) и Јасреej (Јастревски) од Лешок. Почитуваниот чичко Илија Јастревски е еден од заслужните лица од нашиот род Лалошои од Лешок, за што имам напишано посебни текстови во моите книги.

Чичко Илија во писмото ми запиша дека ова се вистинити приказни што се случиле и ми даде слобода, ако сметам дека треба да избришам или изменам некои мисли од книгата или целосно без корекции книгата да ја објавам.

Во телефонските разговори кои ги имав со чичко Илија, тој ми рече дека од книгата им дал на Ане и Јасре Поповски, но, многу размислувал и на крај одлучил дека и мене треба да ми испрати примерок од книгата, бидејќи друг не гледал дека ќе ја објави. Ова за мене беше амание и еве после три години, се одлучив да ја скенирам и да ја публикувам книгата, онаква како што ја напишал чичко Илија, без никакви измени и дополнувања.

За да ја публикувам книгата добив согласност и од фамилијата во Карловац и Риека, Хрватска. За согласноста од фамилијата Јастревски ме извести телефонски и со порака преку Месинџер (26.12.2023 ) Душанка Јастревска, неговата снаа за синот Љупче, кои живеат во Риека.

На основа на оваа согласност од неговата фамилија, одлучив неговата книга да ја скениранам и без никакви измени и дополнувања да ја објавам. Душанка ми пиша дека добро би било да не внесувам некои меѓуфамилијарни односи кои ги запишал чичко Илија. Иако сметав да изменам некои мисли и содржини во книгата, но, не можеше да се направат никакви измени и доплнувања и доуредувања, од причина што книгата е отчукана на стара машина за пишување, со латинично писмо и со вметнати многу негови фотографии.

Аџо Илија книгата ја пишувал на македонски јазик на латиница со многу дијалектни зборови и реченици како зборуваме во Лешок и поради ова не можеше повторно да се отчуча текст во програмот Ворд (Word) на литературен македонски јазик, бидејќи во текстот има запишано многу мисли на Лешочки говор (**Љешечки гоор**), кои треба да останат како што е запишано во неговиот текст од книгата, Види, Библиографија, (Р. бр.18 ).

Сметам дека треба како ја замислил и напишал авторот Илија, така, и да се објави без никакви измени. Можеби некои лица од потесното семејство и од фамилијата Јастревски ќе имаат некакви забелешки и негодувања, но, треба да се почитува запишаното од авторот Илија Јастревски.

Книгата носи наслов: Монографска приказна за потеклото, развојот и животот на фамилијата од Јасрета, од авторот Илија Јастревски. Во книгата има вкупно 202 напишани страни, кои ги скенирав и внесов на крајот, како посебно поглавие, без никакви измени и дополнувања. На почетокот од книгата внесов Вовед со кратко објаснување и неколку нови поглавија од 25 страни. Одлучив книгата да се отпечати во хартиена форма на А-5 форма во црно бела техника, а ќе објавам и книга во Електронска форма, со слики во боја за поголема автентичност и истата целосно ќе ја објавам на Мојата Веб страница: http://spiroski.com.mk/

Во насловот и во кориците на книгата внесов апликации на сонцето со 12 зраци, кое е симбол на македонскиот народ и крстот кој го симболизира свештеничкото потекло на фамилијата Јасреej и родот Лалошои од Лешок. Во книгата го внесов Лешок, 2024 година, родното село на аџо Иљо, како и датумот 02 Август 2024 година, на кој е православниот празник Свети Илија - Имენденот на чичко Илија, а на оваа дата се паѓа и Илинден -Денот на државноста на Македонија, за која чичко Илија, татко ми Живко и нивната Генерација ги поставија темелите на Македонија.

Јас, Митко Спироски, како коавтор внесов неколку нови поглавија на 30-на страници, потоа одлучив да бидам издавач и уредник на книгата и постхумно и да го исполнам аманетот на аџо Иљо Јастревски од Љешек, кој ми го даде написмено и телефонски. Види, во Книгата, Лешок од Македонија во фотографии, во Библиографија ( Р. бр. 5 и 16, стр. 97 ).

За биографијата на Илија Јастревски, покрај оваа книга и цитираните 6 книги, внесов и на корицата-позади кратка биографија.

Лешок, февруари 2024 год. Митко Поп Спироски



Три синови на Мито Поповски со три различни презимиња (Јастревски, Попоски и Ончевски)